**МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА**

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИТЕ

**СТРУГА, ЈУНИ 2011**

Врз основа на член 99 став 16 од Законот за високото образование (Сл весник на РМ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11), Сенатот на Меѓународниот Универзитет во Струга на седницата одржана на 01.06.2011 година го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К

## За начинот и условите за организирање на практична настава за студентите

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат начинот и условите за организирање на практична настава на студентите.

### Член 2

Практичната настава не може да трае помалку од еден ниту повеќе од осум часа во денот.

### Член 3

Од страна на Меѓународниот Универзитет во Струга се обезбедуваат услови во соработка со соодветни субјекти за изведување на практичната настава.

### Член 4

Во текот на реализацијата на практичната настава студентот треба да е под надзор на асистент(ментор) од Меѓународниот Универзитет во Струга, кој одговара за успешно реализирање на практичната настава.

### Член 5

Пред почетокот на практичната настава од страна на Меѓународниот Универзитет во Струга се известува студентот и му се издава документ – потврда за негово упатување до организацијата-установата каде ќе се реализира наставата, потпишана од Ректорот,Деканите, Продеканите, Директорите или Генералниот Секретар.

По завршувањето на практичната настава, студентот ја враќа потврдата од став 1 на овој член на единицата на Меѓународниот Универзитет во Струга заверена од организацијата – установата.

### Член 6

Меѓународниот Универзитет во Струга, согласно овој правилник ќе ги утврди обемот и времетраењето на Практичната настава.

Генерален Секретар
М-р Гузимтар Рушани